Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 03-1107/1
04-10-2024 год.-viti
Скопје-Shkup

# ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на правно лице кое ќе постави самопродавачка машина за кафе (кафемат)

I.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ Агенција за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст Агенција) има потреба од поставување кафемат во објектот во кој ја извршува својата дејност.

II.ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е:

Поставување и ставање во функција на кафемат во службените простории на Агенцијата кој ќе го користат вработените лица.

III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правно лице за склучување договор за поставување кафемат е најмал износ на соодносот од просечната понудена цена за понудените ставки во Понудата и паушален надоместок што правното лице ќе го плаќа на сметка на Агенцијата (просечна цена/надоместок).

Можност за поголем избор на пијалоци е избор на правното лице или правните лица подносител /поднесители на понудата/понудите, но истото нема да се земе во предвид при разгледување на понудата.

Доколку повеќе правни лица понудат исти единечни цени и ист надоместок, ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество.

Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, Агенцијата ќе изврши избор на тоа правно лице.

Еден правен субјект може да поднесе пријава со понуда само на една машина.

IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење дејност.

Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:

1. Изјава дека дејноста ќе ја извршува согласно законските прописи кои ја регулираат дејноста (оригинал).
2. Изјава дека ја превзема одговорноста за редовно функционирање на кафематот (оригинал).
3. Изјава дека редовно ќе го подмирува месечниот надоместок до Агенцијата (оригинал).

Документите од точка 1 и 2, се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот". Дополнително доставување документација е предвидено само доколку не се доставени сите превидени документи во Дел IV, и тоа на барање на Агенцијата за избор на најдобрата понуда доставено со e-mail во рок од три (3) работни дена сметано од крајниот рок за доставување на документацијата предвиден во овој Јавен повик.

Доколку избраното правно лице по донесената Одлука за избор се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.
Сите правни лица кои поднеле пријава за учество ќе бидат информирани за текот на постапката и за изборот на правното лице со кое Агенцијата ќе склучи договор, на контакт e-mail адреса поднесена во Пријавата.

V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот на е-маил dpulovski@caa.gov.mk

Лице за контакт во врска со јавниот повик е Дарко Пуловски 070 707037.

VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО Краен рок за доставување пријава за учество е 18.10.2024 година.

Пријавите се поднесуваат:

1. По пошта на следнава адреса:
Агенција за цивилно воздухопловство
ул.Даме Груев бр.1, Скопје
во коверт со назнака „за Јавен повик за кафемат – не отворај"
или
2. Директно во архивата на Агенција за цивилно воздухопловство на ул.Даме Груев бр.1, Скопје, секој работен ден од 08:30 до 15:30 часот
во коверт со назнака „за јавен повик за кафемат – не отворај"

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета.

VII. СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР
Агенцијата по истекот на 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое ќе постави кафемат, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице и сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.
Агенцијата ќе склучи договор со правното лице кое ги исполнува условите наведени во јавниот повик.

VIII. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ

Правното лице со кое Агенцијата ќе склучи договор има обврска да го постави кафематот во објектот на Агенцијата на местото што таа ќе го определи, најдоцна 15 дена од денот на потпишувањето на договорот.

Поставувањето и ставањето во функција на кафематот ќе се констатира од двете страни со Записник.

За време на целиот период од поставувањето до отстранувањето на кафематот, правното лице има обврска да го плаќа редовно месечниот паушал кој ќе биде утврден во договорот. Во договорот задолжително ќе бидат наведени лицата за контакт и за следење на обврските за време на важење на договорот од двете страни.

Агенцијата го задржува правото да побара зголемување или намалување на бројот на поставените машини што ќе се констатира со Анекс кон договорот. По склучување на договорот, двете договорни страни може да побараат раскинување на договорот најмалку 10 дена пред подигнување на поставените машини, што ќе се констатира од двете страни со Записник. Обврска на правното лице е по подигнување на кафематот, просторот да го врати во првобитна состојба.

IX. Пријава со Понуда

______________________________________________

(Правно лице, архивски број, датум и место)

Во врска со јавниот повик, објавен од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство за избор на правно лице кое ќе постави и стави во функција кафемат, ја поднесуваме следнава

## ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

I.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Назив на правно лице: ______________________________
2.Контакт информации - Адреса:

______________________________________

- Телефон: ______________________________________ -
- Е-пошта: ______________________________________
- Лице за контакт: ________________________________
3. Одговорно лице: ________________________________ (во правното лице)
4. Даночен број: __________________________________
5. Матичен број __________________________________

Со поднесување на оваа Пријава во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот повик и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката.

**ПОНУДА**

1. Цена:

| Опис на пијалок | Единечна цена (МКД со ддв) |
|---|---|
| Еспресо | |
| Долго еспресо | |
| Макијато | |
| Капучино | |
| Чај | |
| Топло Чоколадо | |
| ВКУПНО: | |

2. Паушален месечен надоместок: ________________________ денари.

Одговорно лице во правното лице ___________________________
(име, презиме, потпис и печат)

*Пријавата и Понудата ја потпишува одговорно лице во правното лице.

Директор
Драги Стојаноски

Изготвил: Луиза Абдула